**#ИзолиранаНоНеСама**
**#IsolatedNotAlone**

# Се обединуваме во името на жртвите на семејно насилство

**До нашата Влада, пратеници во Собранието, градоначалници и законодавци**

Почитувани,

Исто како COVID-19, и семејното насилство не познава граници ниту географија. Тоа е тивка епидемија која се проценува дека ќе ги афектира животите на 35% од жените жирум светот и често е скриена зад затворени врати. И сега, во екот на пандемијата со корона вирусот, овие жени и деца се исклучително ранливи и подложни на семејно насилство: тоа претставува несакана последица од мерките за изолација кои ги оставаат жртвите затворени дома со нивните насилници.

Водечките организации на жени веќе го увидоа порастот на случаи на семејно насилство, што резултира во зголемена потреба од сервиси за нивна поддршка. Како одговор на повикот на UN Women за давање приоритет на жртвите на семејно насилство, Natura &Co заедно со семејството на брендови: Avon, Natura, The Body Shop и Aesop се обединуваат со националните и меѓународните организации кои помагаат на жртвите на семејно насилство. Ние замолуваме, во нашата држава, во сите градови и локални заедници, да им овозможите на жените и децата кои се изложени на ризик, особено оние од социјално загрозените групи, да ја добијат поддршката и помошта која им е потребна.

Во духот на соработката и поврзаноста, убедени сме дека е важно:

1. **Да се финансираат** специјалните служби кои нудат поддршка на жени и деца кои се под ризик од семејно насилство - тука спаѓаат згрижувачките центри, телефонските линии за поддршка и останатите извори за поддршка, и да се обезбеди зголемување на таа поддршка, каде што е потребно, со цел справување со зголемената инциденца на насилство;
2. **Да се држи вниманието** на постоењето на семејното насилство преку кампањи за градење на јавната свесност со цел да се осознае постоењето на проблемот и истиот да не биде занемарен;

3. **Да се објават** достапните услуги на згрижувачките центри **и да се отстранат ограничувањата за жртвите на семејно насилство за кои физичката дистанца и изолацијата може да претставува опасност по нивниот живот.**

Ние во Natura &Co, веруваме дека бизнисот може и треба да биде сила која носи добро. Заедно, нашите четири брендови ја претставуваат најголемата светска мрежа составена од жени, која поврзува повеќе од 6 милиони претставници и консултанти, брои 40.000 вработени и има 200 милиони корисници во 110 земји. Заедно можеме да направиме разлика, и токму тоа нé води во нашата поддршка на жртвите на семејно насилство преку кампањата **#ИзолиранаНоНеСама.**

1. **Avon Фондацијата** намени 1 милион долари за поддршка на центрите за борба против семејното насилство ширум светот кои се фокусираат на конкретни активности од јавен интерес.
2. **Avon, Natura, The Body Shop** и **Aesop** ќе донираат неопходни пакети за основна лична хигиена во згрижувачките центри и ќе ги ангажираат нивните корисници да направат локални донации.
3. Секој бренд ќе ја подига свесноста преку сопствените канали на социјална комуникација за да ги поддржи жртвите, нивните пријатели и семејства, со јасни насоки за тоа каде може да побараат помош и поддршка и како да останат безбедни.

Во ова исклучително време полно со предизвици, ние сме особено благодарни за напорите на владите, бизнисите и невладините организации да нé заштитат сите нас од пандемијата со корона вирусот. Нашата молба е да не се дозволи жртвите на семејно насилство да останат скриени и заборавени во оваа тешка ситуација.

Солидарно,

Natura &Co